Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-221/5
17-06-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-221/1 од 13.04.2022 година поднесена од [redacted] од Скопје, против Град Скопје, за извршена дискриминација врз основа на економска дискриминација во областа на наплата на даноци, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 17.06.2022 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на лично својство и општествен статус/место на живеење во областа на домување сторена од страна на Град Скопје врз [redacted].

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-221/1 од 13.04.2022 година, од страна на лицето [redacted] од Скопје за сторена дискриминација врз основа на економска дискриминација во областа на наплата на даноци, од страна на Град Скопје.

Бидејќи поднесената претставка не го содржеше потребните елементи за постапување на Комисијата согласно член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 18.04.2022 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати барање за доуредување на претставка бр. 08-221/2 во кое побара да бидат доставени документи или прилози со кои се потврдуваат наводите од претставката за посочениот потенцијален дискриминатор, опис на околностите и фактите врз кои се темели претставката и дали подносителот има вложено некои други правни дејства кон потенцијалниот дискриминатор.

На ден 03.05.2022 година беше доставено доуредување на претставката бр. 08-221/3 од подносителот [redacted]. Во истото е наведено дека во недостаток на пристап до релевантни податоци, како основа за поднесување на претставката е искористена „Базата на податоци за пресметан и наплатен данок на имот за сите општини за 2017, 2018 и 2019 година" подготвена од УСАИД и Центарот за граѓански комуникации – Скопје. Што се однесува до околностите и фактите на кои се темели претставката, подносителот наведува дека секоја година уредно го плаќа данокот на имот, со според горе споменатата База на податоци, 26% од сопствениците на имот не го плаќаат данокот на имот на територијата на Град Скопје, а 19% на територијата на Република Северна Македонија. Подносителот заклучува дека во услови кога целиот негов имот е пријавен и уредно се подмирени даноците за истиот, врз него е извршена дискриминација во однос на оние граѓани кои не го пријавиле имотот и не платиле данок. Како последно, подносителот наведува дека

претставка поднел и до Град Скопје, но не добил никакво известување околу примањето и постапувањето по истата.

Имајќи ги предвид наводите од претставката и доставеното доуредување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 03.05.2022 година испрати известување бр. 08-221/4 за произнесување кон наводите од претставката до Град Скопје како потенцијален дискриминатор.

Бидејќи до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не пристигна одговор кон наводите од претставката од Град Скопје, Комисијата ги ценеше околностите и фактите на кои се темели истата, доставените документи и прилози кои го поткрепуваат тврдењата на подносителот и релевантните правни прописи поврзани со предметниот проблем.

Најпрво, според својата законска надлежност од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата изврши соодветна квалификација на тврдењата во поднесената претставка и утврди дека е потребно истата да биде разгледувана од аспект на тоа дали е извршена дискриминација според лично својство и општествен статус/место на живеење во областа на домување од страна на Град Скопје, врз подносителот Звонимир Матовски. Согласно наводите, подносителот се повикал на неговото место на живеење како основ за да биде дискриминиран во однос на наплатата на даноци, што пак спаѓа во областа на домување и затоа Комисијата изврши квалификација како во диспозитивот на ова мислење.

Следно, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, во конкретниот случај констатира дека доставените документи и прилози како доказ не говорат на кој начин и со какво сторување или несторување е извршена дискриминација кон подносителот на претставката.

Според утврдената фактичка состојба и околностите на кои се темели претставката, подносителот на претставката уредно го има пријавено целиот свој имот и редовно, секоја година плаќал данок за истиот. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација постапувајќи согласно своите законски надлежности од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, утврди дека не станува збор за нееднакво постапување сторено од страна на Град Скопје, поради фактот што некои граѓани не платиле данок на имот за своите пријавени имоти.

Законот за даноците на имот (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 61/2004 од 13.09.2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 96/2019 и Службен Весник на Република Северна Македонија 151/2021 од 06.07.2021), заедно со процената на даночните стапки кои ги вршат општините, служат како основа за наплата на данокот на имот. Условите поставени во овие прописи се еднакви за сите граѓани и од таа причина, Комисијата не констатираше дека постои нееднаков третман кон подносителот на претставката при извршувањето на наплатата на данокот на имот.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Согласно член 4 од Законот за управата за јавни приходи (Службен Весник на Република Северна Македонија бр.43/2014 од 04.03.2014, 61/2015, 27/2016, 35/2018, 83/2018 и бр.7/2019 од 14.01.2019), спроведувањето на процесот на наплата на даноците спаѓа во доменот на законските надлежностите на единиците на локалната самоуорава.
Управата за јавни приходи. Од друга страна, неплаќањето на даночните обврски претставува кривично дело „Даночно затајување", согласно член 279 од Кривичниот законик (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. Службен Весник на РСМ бр. 37/1996 од 29.07.1996, 80/1999; 48/2001; 4/2002; 16/2002; 43/2003; 19/2004; 40/2004; 81/2005; 50/2006; 60/2006; 73/2006; 87/2007; 7/2008; 139/2008; 114/2009; 51/2011; 51/2011; 135/2011; 185/2011; 142/2012; 143/2012; 166/2012; 55/2013; 82/2013; 14/2014; 27/2014; 28/2014; 41/2014; 41/2014; 115/2014; 132/2014; 160/2014; 199/2014; 196/2015; 226/2015; 97/2017; 248/2018 од 31.12.2018) и за него постапува Јавното обвинителство на Република Северна Македонија. Па така, може да се заклучи дека наплатата на даноците, како и постапувањето по кривичните дела, не спаѓа во законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус/место на живеење во областа на домување од страна на Град Скопје врз [redacted].

Скопје
17.06.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Кире Василев

Доставено до:
- [redacted]